ЗОРАН СПАСОВ SOФ

Гоце Делчев

ЉУБОВ и СМРТ

СОДРЖИНА

Најдолгиот пат 9

5 години подоцна 14 • 14 години подоцна 17 • 15 години подоцна 20 • 20 години подоцна 23 • 43 години подоцна 26
Еден за сите, сите за едно 29

Патот низ Македонија 31

Синот 33 • Детството 36 • Прашањата 39 • Верата 42
Птицата 45 • Свадбата 48 • Момчето 51 • Војникот 54
Учителот 57 • Црквите 60 • Старецот 63 • Љубовта 66
Беседата 69 • Одлуката 72 • Прстенот 75 • Акцијата 78
Атентаторите 81 • 1 мај 84 • 2 мај 87 • 3 мај дента 90
3 мај ноќта 93 • 4 мај пред мугрите 96 • 4 мај 99
5 мај 102 • 12 мај 105 • 17 мај 108

Патот низ времето 111

Најдолгиот сон 113 • Продолжената љубов 118
Невенчаниот кум 121 • Тајниот соговорник 124
Тажната песна 127 • Турскиот татко 130 • Нашиот генерал 133
Слепата пророчица 136 • Банскиот син 139 • Вториот Питу 142
Судбоносниот остров 145 • Младиот стихотворец 148
Солевата Раца 151 • Прогонетиот син 154 • Тивката правда 157
Пикасовата Палома 160 • Непокорната дружина 163

Патот на историчарот 167

Испитот 169 • Сонот 174 • Сенката 184

Патот на авторот 187

Шепотот на Палома 189 • Посвета 193 • Мотив 195
Улоги 197 • Рецензија 203 • Белешка за авторот 205

Некој ќе го нарече ова историска фикција.

Некој – надреална историска проза. Или поезија.

Но, од фактите нема бегање. Тие се.

Помалку или повеќе, познати.

Сите херои во ова дело се вистински.

За антихероите – читателот сам решава.

Ликовите се инспирирани од реални историски личности и се прикажани низ авторски филтер, со намера да се истражат моралните, историските и човечките слоеви на македонската судбина.

Овој роман не е реконструкција. Толкување е.

Не е пресуда. Прашање е.

И затоа, секое поистоветување надвор од уметничката рамка не е цел на авторот – целта е немирот што останува кога ќе се затвори последната страница.

3 години подоцна

Село Баница, Ѓурѓовден 1906 година.

Ноќта легна врз Баница како темна плаштаница. Без месечина. Без здив од небо. Оддалеку – залутан кучешки лаеж, шушкање на пролетен ветер низ урнатините и празните плевни. Селото беше пусто – тивко како гроб што чека светител.

Три години поминаа откако токму тука згасна земниот пат на Гоце Делчев. Оттогаш, мракот го чуваше местото како недоизговорена молитва.

Низ темнината пристигнаа двајца мажи.

Михаил Чаков – висок, со остри рамена и со лице исечено како карпа. Погледот немирен, но решителен. Човек навикнат на тишина во срцето и ветувања што течат низ крвта. Левата рака му беше стегната околу дршката на револверот – не од страв, туку од навика.

До него чекореше Таската Серски – понизок, но широк во плеќите, со темни очи што блескаа под капата. Гласот му беше длабок и смирен, како кај човек што знае да чека и да трпи. Во погледот му се гледаше дека видел повеќе и од смрт и од надеж.

Од фенерот што го носеа се разлеваше слаб круг светлина – едвај доволен да им ги открие чекорите. Кога стигнаа до местото, не се ни погледнаа. Тежината на мигот беше посилна од секој збор.

Почнаа да копаат.

Земјата мирисаше на дожд и на тригодишна тага. Лопатата одекнуваше во тишината како тапан во празна црква.

По некое време, Серски го прекина немиот ритуал:

– Михаиле… мислиш ли дека човек може двапати да се погребе, а ниеднаш да не умре?

Чаков ја избриша калта од челото.

– Гоце не се погребува, брату. Тој се чува – во срцето, во мислите, во душата. Таков човек не умира.

Серски молкум продолжи да копа.

Тогаш, како одговор на молитва, земјата откри нешто.

Граден кош – речиси недопрен. Неизгниен. Нерасеан во прав. Цврст.

– Гоце… – прошепоти Чаков. – Те најдовме, брату.

Серски се повлече чекор назад. Ги ококори очите.

– Боже, Михаиле… гледаш ли? Ова не е тело. Ова е завет.

Чаков се прекрсти. Во гласот му се мешаа страв и гордост.

– И под земја се бори. Идеалот не гние, брату. Само расте.

Со растреперени раце ги издвоија черепот и коските од рацете и од нозете. Ги ставија во шпиритус со остар мирис, како болка што не поминува. Потоа ги завиткаа во бело платно – не како останки, туку како нешто што треба да се венча со вечноста.

Тргнаа кон селската црква. Таму ги пречека клисарот Никола – лице испукано од години и од скриени маки. Очите му беа како две мали свеќи што треперат на ветар.

Го положија сандакот пред олтарот. Чаков му се обрати:

– Никола, ова не е товар. Ова е земја и светлина. Ќе ги чуваш – со душа, со крв, со молитва.

Старецот падна на колена. Гласот едвај му се одлепи од грлото:

– Со животот мој. Како што се чува Господ, така ќе ги чувам.

Пламенот од една свеќа затрепери, како да се поклонува.

Кога двајцата војводи повторно излегоа во ноќта, ветерот веќе не звучеше како плач, туку како тивок здив.

И тогаш, во темнината, Серски го прошепоти тоа што требаше да остане меѓу нив и ноќта:

– Гоце Делчев… вечерва те земавме од земјата, за еден ден да те однесеме дома.

Чаков ја стегна пушката – не како оружје, туку како клетва.

– Заколнати сме.

Ветерот замолкна.

Тишината веќе не беше гроб. Беше почеток.

5 години подоцна

Село Баница, 4 мај 1908 ѓодина

Утрото се будеше тешко, како старец со болка во коските и со тежок спомен во градите. Поминаа пет години откако пушката ја прекрсти судбината на Гоце, а селото сѐ уште ја носеше тишината како рана.

Во камената куќарка до црквата, клисарот Никола седеше навален на креветот, со очи отечени од неспиење. Обичен човек – со раце од земја и срце што омекнува само пред светост. Душа тешка како олово, мисла остра како сечило.

Седумстотини и триесет дена нешто тивко го глодаше однатре, како црв во дрво: коските на Гоце беа разделени – дел во црквата, а дел под оревот, во земјата што ја натопи со крв и со идеал.

– Човек што не умре за себе, туку за сите нас – си шепотеше – не смее да биде разделен. Ни на овој, ни на оној свет.

Веќе не можеше да го носи тој товар. И тоа утро, на денот на Гоцевото паѓање, ја донесе одлуката. А сите знаат: кога одлука ќе се роди во душата, враќање нема.

Ја грабна лопатата.

Не се криеше.

Не се сврти да види дали го гледа некој.

Често велеше дека стравот е за живите, а тој отсекогаш живееше со мртвите.

Се прекрсти бавно, трипати, тивко. Потоа плукна во дланките и ја закопча волнената наметка до вратот, иако беше мај. Под

сенката на оревот, таму каде што падна Гоце, секогаш беше студено. Не од времето – од величието.

Почна да копа.

Земјата беше влажна и темна. Копаше трпеливо, педантно, без брзање – како човек што го крои последниот дел од нечија судбина. Секоја грутка што ја тргаше звучеше како збор изговорен по години молчење.

Кога под прстите ја допре првата коска, не кажа ништо. Само ги спушти очите, како пред светец.

Со почит и трепет, една по една, ги собираше останките и ги ставаше во црвена кадифена вреќа. Сам ја извезол – со рака немирна од старост, но сигурна од гордост. „Слобода или смрт" блескаа како мали пламенчиња буквите нанижани со златен конец.

Кога заврши, го пригрна вреќето на градите како новороденче. Оревот над него шушна – како слаб ветер или воздишка на самата земја.

Никола се упати кон црквата. Влезе тивко, без звук, како сенка што си го знае местото. Зад олтарот го отвори сандачето, тајна и светост веќе две години. Ги положи сите останки внатре и си рече: повторно е едно цело, повторно е еден човек, повторно е еден идеал.

Се исправи и ја избриша потта од челото со растреперена рака. Се прекрсти уште еднаш – не од навика, туку како тивка таговна песна што се пее со срце.

– Сега можам да починам… а, ако треба, и да умрам, – прошепоти.

Се повлече чекор назад. Свеќата трепна, а мирот полека слезе во неговите гради – првпат по години.

Надвор, небото беше чисто и бледо. Воздухот мирисаше на нешто старо и свето – како допрен од напатени векови, како да поминала тивка душа и оставила знак.

Во тој миг, многу работи си дојдоа на свое место.

Но, не затоа што светот се смири, туку затоа што Никола престана да се бори со себе. Знаеше дека тоа што го направи нема да го разберат сите. Некои ќе зборуваат за вознемирени мртви, други за преземено право. Тој одамна престана да се плаши од зборови. Најтешкото веќе го носеше – и токму тоа утро го спушти од плеќите.

Седна на клупата до олтарот и ги затвори очите. Не дојдоа слики, туку гласови – тивки, испрекинати, како чекори по кал.

Гоце не зборуваше. Никогаш не зборуваше многу. Само стоеше исправен, како мисла што не прифаќа да биде скршена. Никола го разбра тоа како благослов, не како простување. Некои долгови не се простуваат – тие се носат, за да не се повторуваат.

Надвор се разбуди денот. Првите птици запеаја тивко, како да проверуваат дали е дозволено. Селото почна да дише, несвесно дека нешто важно се случило во неговата тишина. Никола знаеше: некои дела не бараат сведоци. Доволно е да бидат направени.

Се исправи, го погледна олтарот и без глас рече:

„Сега оди. Ќе те носат други. А јас ќе останам да чувам".

И за првпат по пет години, чекорот му беше лесен.